USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

**Проект за Децентрализација**

# Извештај

# од Анкетата за Бизнис Климата

# во Струмичкиот регион
## (Струмица, Василево, Босилово, Ново Село)

(Нацрт)

**Март 2006**

This publication was produced for review by the United States Agency for International Development.

USAID ПРОЕКТ ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

# Извештај

# од Анкетата за

# Бизнис Климата

# Во Струмичкиот регион

## (Струмица, Василево, Босилово, Ново Село)

**(Нацрт - Март, 2006)**

**Contract: EEU-I-00-99-00012-00**
**Task Order #804**
© Development Alternatives Inc.
7250 Woodmont Ave. Suite 200, Bethesda, MD 20814
*27 Mart, No.9, 1000 Skopje, Macedonia*
Phone +389.2.3113.188; Fax +389.2.3290.122

## Анкета за бизнис климата

### I. ВОВЕД

Во март 2006 година беше спроведена анкета за бизнис климата меѓу работодавците во Струмичкиот регион ( Струмица , Василево, Босилово, Ново Село). Целта на анкетата беше да се обезбедат корисни и веродостојни информации во врска со ставовите на оние кои инвестираат и отвораат работни места во Струмичкиот регион ( Струмица , Василево, Босилово, Ново Село). Анкетата вклучи податоци во врска со историјата и статусот на бизнисите, природата на трговската дејност, прашања поврзани со работна сила и вработени, информации во врска со бизнис-објектите, услуги и односи со локалната самоуправа, како и севкупниот впечаток за градот како место за вршење на бизнис активности.

### II. МЕТОДОЛОГИЈА

Во март 2006 година беа спроведени 61 анкета. На листата на фирми кои е потребно да се интервјуираат беа најголемите работодавци во градот, како и неколку средни и помали фирми со помалку од 20 вработени во секоја од нив. Збирните одговори на сите анкетирани фирми (61), се дел од овој извештај.

Со цел да се добијат искрени и целосни одговори од работодавците, на лицата кои што беа интервјуирани им беше кажано дека во извештајот нема да има никакви референци кон одреден бизнис, како и тоа дека анкетните ливчиња се од доверлив карактер.

Во 2006 година, во сите анкетирани фирми (61), се вработени вкупно 1437 вработени, од кои 583 се жени. Бројот е повисок во споредба со претходната 2005 (+6%) година, кога вкупниот број на вработени бил 1362.

Притоа, 39 фирми вработуваат до 15 вработени; 4 фирми вработуваат повеќе од 50 вработени, а во една фирма има повеќе од 100 вработени. Забележани се значајни разлики меѓу одговорите на фирмите од различни економски сектори (на пр. градежништво, прехрамбена и текстилна индустрија, шумарство и сектор за услужни дејности). Поголем дел од податоците беа анализирани имајќи ја во предвид оваа разлика.

Иако со анкетирање на 61 фирма не е можно целосно да се одразат ставовите на целата бизнис заедница во Струмичкиот регион ( Струмица , Василево, Босилово, Ново Село), овие фирми, големи, средни и мали, традиционални и нови, вработуваат значителен дел од локалната активна работна сила од економскиот сектор.

## III. ГЛАВНИ СОГЛЕДУВАЊА

1. Економијата на Струмичкиот регион ( Струмица , Василево, Босилово, Ново Село) се состои од силен сектор (кластер) за услужни дејности.

2. Фирмите воглавно не се задоволни со општата економска состојба во земјата, каматните стапки, малиот пазар, можностите за финансирање, нечесната конкуренција, сивата економија, инфраструктурата и квалификациите на работната сила.

3. Вкупниот број на вработени во фирмите во кои е спроведена анкетата изнесува 1437.

4. Најголемиот дел од интервјуираните фирми се од секторот за услужни дејности (30%), потоа следи другиот сектор (26%), прехрамбена индустрија (23%) и градежништво (13%);

5. Според анкетата, 95 % од фирмите ги поседуваат физички лица, 3% од фирмите се во сопственост на лица од странство и 2% на правни лица.

6. На приемот во ЕУ во иднина, се гледа позитивно.

7. Фирмите главно извезуваат во околината на Струмичкиот регион ( Струмица , Василево, Босилово, Ново Село).

8. Работодавците се прилично задоволни од квалитетот на нивната работна сила. Севкупно, 77% од фирмите го оценија квалитетот на работната сила како одличен или добар. Просечната плата е околу 10.589 денари месечно.

9. Фирмите обично немаат проблем со простор за проширување и многу од нив планираат да инвестираат значителни суми во реновирањето на објектите, воглавно во текот на следните две години. Тие вкупно планираат да инвестираат 481.000.000 МКД и да се отворат нови 367 работни места.

10. Повеќето од фирмите имаат интернет врска.

11. Севкупно, квалитетот на услугите од локалната самоуправа беше оценет како релативно добар или доволен. Најдобро оценети беа собирањето на сметот, јавниот превоз, издавањето на одобренија и дозволи за вршење на дејности и одржувањето на патиштата. Како потребно подобрување најчесто беше споменувана понудата на локации и згради за вршење на дејности и поддршката на малите и средните претпријатија.

12. На фирмите им се постави прашање какво е нивното генерално мислење за општината како место за вршење на бизнис активности. 39 фирми сметаат дека во општината има добри услови за вршење на бизнис активности, додека оценките на 20 фирми беа „доволно” или „слабо”.

# IV. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА

## 1. Актуелна состојба на фирмите

Од 61 фирма, 50 фирми се основани по 1990 година, додека другите фирми се основани пред 1990 година. Најголемиот дел од интервјуираните фирми се во секторот за услужни дејности (30%), потоа следи другиот сектор (26%), прехрамбената индустрија (23%) и градежништвото (13%). Ова ја покажува виталноста на претприемништвото во околината. 95 % од фирмите се во сопственост на физички лица, 3% од фирмите ги поседуваат лица од странство и 2% се во сопственост на правни лица (види графикон број 1).

***Графикон 1***




## 2. Општи податоци за бизнис-климата

Економијата на Струмичкиот регион ( Струмица , Василево, Босилово, Ново Село). се состои од силен сектор за услужни дејности.

Од фирмите беше побарано да ги наведат факторите кои имаат негативно влијание врз сегашниот и идниот развој на нивното производство и услуги (види графикон 2). По приоритет тоа се следниве:

1- како што наведуваат 85% од фирмите, општата економска состојба е најважниот фактор, посебно за услужниот сектор (23%), друг сектор (23%) и прехрамбена индустрија (21%);
2- каматните стапки се проблем за 48% од фирмите (15% се од друг сектор);
3- трошоците за енергија се проблем за 36% од фирмите (13% се од прехрамбената индустрија и друг сектор)

4- домашната конкуренција за 25% од фирмите (11% се од услужни дејнстси и 7% се од друг сектор);
5- Можноста за финансирање е проблем за 23% од фирмите (11% се од друг сектор и 7% се услужни дејности).

Превозот претставува проблем за 20% од фирмите (7% се од друг сектор). Од друга страна, ограничувањата кои се однесуваат за заштита на животната средина не претставуваат проблем за нидена од фирмите.

***Графикон 2***




На приемот во ЕУ во иднина се гледа позитивно. Стабилна бизнис-клима (87%), пристап до голем пазар (52%) и стабилен капитален пазар (44%) и полесно спроведување на законите (34%), беа најчесто споменувани меѓу позитивните страни. Од друга страна, 52% од фирмите се плашат од силна конкуренција и високи трошоци за работна сила (41%).

## 3. Клиенти/Потрошувачи

Сите фирми дадоа информации за географската разместеност на нивните клиенти (види графикон 3). Од вкупниот дел на пазарот, 53% од фирмите изјавија дека извезуваат претежно во околината, а низ цела Македонија извезуваат 26% од фирмите. Притоа 23% од фирмите извезуваат надвор од Македонија, воглавно во Европа. Другиот сектор (6%) и прехрамбената индустрија се значително ориентирани кон извоз, со 5% од продажбата надвор од земјата, додека фирмите кои вршат услужна дејност воглавно го опслужуваат македонскиот пазар (27%).
Вкупната продажба на фирмите кои што беа анкетирани изнесува 1.762.406.295 МКД и фирмите очекуваат пораст на продажбата во 2006 година за 12% во споредба со претходната година.

Клиентите се главната причина зошто 40 фирми се лоцирани во Струмичкиот регион ( Струмица , Василево, Босилово, Ново Село).

***Графикон 3***




## 4. Прашања кои се однесуваат на вработување и работна сила

Вкупниот број на вработени со полно работно време во сите анкетирани фирми (61), е 1437, што покажува зголемување за 6% во споредба со претходната година. Како позитивно очекување е стапката на вработување да порасне за 23% во следната година.

Графиконот 4 покажува релативни промени во врска со вработувањето во посебни сектори. Новите работни места се отворија воглавно во секторот на прехрамбена индустрија и градежништво, но за една година се очекува зголемување на стапката на вработеност во сите индустриски гранки.

***Графикон 4***




Оваа година, просечниот број на вработени по интервјуирана фирма е 24. Споредено со 2005 година бројот на вработени бил 22, додека пред пет години тој број изнесувал 15.

Работодавците се прилично задоволни со квалитетот на нивната работна сила. Севкупно, 77 % од фирмите дадоа оценка одличен или добар, потоа 21% се оценети со оценка доволен, додека само 2% имаат слаба оценка (види графикон 5). Се чини дека фирмите од услужниот сектор се најзадоволни со квалитетот на работната сила (27% одличен или добар).

***Графикон 5***



Просечната месечна плата исплатена во сите интервјуирани фирми е околу 10.589 денари; најниска е во прехрамбената индустрија, додека највисока е во производствениот сектор (види графикон 6). На графиконот 6 се прикажани и нивоата на продажба во различни сектори во 2005 година заедно со просечната плата.

Од фирмите кои што дадоа одговор, на 22 фирми им недостасуваат одредени професии и вештини, кои се значајни за идниот развој на компанијата. 7 фирми очекуваат да го имаат овој проблем во блиска иднина. Честопати се споменува дека недостасува информатичари,машински инженери, агрономи.

***Графикон 6***




## 5. Инвестиции и инвестициони планови

Што се однесува до ова прашање, ситуацијата во Струмичкиот регион ( Струмица , Василево, Босилово, Ново Село) е прилично позитивна. Фирмите обично немаат проблеми со простор за проширување и многумина планираат да инвестираат значителни суми во реновирањето на објектите.

65% од фирмите ги поседуваат, додека 30% ги изнајмуваат објектите, а 5% и поседуваат и изнајмуваат.

46% од фирмите наведуваат дека поседуваат доволно имот за проширување доколку е потребно. Повеќето од фирмите не планираат да изнајмуваат или продаваат некои од своите поседи или згради (56), додека 2 фирми планираат да го продадат или до изнајмат својот простор кој што нема да им треба во иднина, а 3 од нив размислуваат за ова.

64% од фирмите планираат проширување на нивното производство во следните две години; би требало да се инвестираат вкупно 481.000.000 денари и да се отворат нови 367 работни места.
10% од фирмите планираат да се прошират и на други места во Македонија, главно во Скопје;
19% од фирмите имаат намера да се преселат или да преселат дел од своите дејности, главно поради поголем пазар
75% од фирмите не сакаат да се преселат на друго место.

## 6. Услуги и односи со локалната самоуправа

Фирмите беа запрашани кои услуги локалната самоуправа во Струмичкиот регион ( Струмица , Василево, Босилово, Ново Село) би требало да ги обезбеди на бизнис-секторот.

***Графикон 7***



Графиконот 7 покажува дека фирмите се навистина заинтересирани за активности како што се учество во изготвувањето и спроведувањето на развојните планови, изградба на индустриски локалитети, координирана промоција на општината и на бизнисите, обуки и едукативни курсеви и информации во врска со развојните планови на општината.

Фирмите го оценуваа и квалитетот на јавните услуги. Според графиконот 8, резултатите покажуваат прилично добра или доволна оценка. Собирањето на сметот, јавниот превоз, издавањето на дозволи и одобренија за градба, издавањето на одобренија и дозволи за вршење на дејност и одржувањето на патишта добија најдобри оценки. Понудата за места и згради за вршење на дејност и поддршката на малите и средни претпријатија  добија најслаби оценки, а по нив следи заштита на животната средина

***Графикон 8***




## 7. Општи впечатоци




***Графикон 9***

Од фирмите беше побарано да ги споделат нивните општи впечатоци во врска со локалните самоуправи во Струмичкиот регион ( Струмица , Всилево, Босилово, Ново Село) (графикон 9). Според анкетата 38 фирми дадоа одлични или добри оценки, 16 дадоа доволна или слаба оценка, а 7 фирми немаа никакво мислење во врска со општината.

Фирмите беа исто така запрашани за нивните општи впечатоци за општината како место за вршење на стопанска дејност. Повеќе од 50% од одговорите беа со оценка одличен или добар (39 одговори), 20 од нив ја оценија општината со доволна или слаба оценка.

Примерите кои што се наведуваат од страна на фирмите како позитивни елементи од бизнис климата во Струмичкиот регион ( Струмица , Василево, Босилово, Ново Село) се следните:

- Географсакта положба, близината до граница
- Локални потрошувачи
- Работна сила
- Развој на мали и средни претпријатија
- Услови за градење
- Соработка со НВОи
- Развој на туризмот

Постојат повеќе негативни фактори кои се идентификувани во Струмичкиот регион ( Струмица , Василево, Босилово, Ново Село), а кои претежно се однесуваат на општата економска состојба, бизнис климата и техничката инфраструктура. Фирмите очекуваат локалната самоуправа да усвои проактивен пристап во креирањето на подобра бизнис клима во градот:

- Општа економска ситуација
- Мал пазар
- Високи каматни стапки
- Соработка со банки
- Нечесна конкуренција
- Сива економија
- Недоволно развиена инфраструктура (набавка со електрична енергија, водовод, патишта)
- Недоволно едуцирано население

## V. РЕЗИМЕ

Оваа анкета за бизнис климата ги одразува мислењата на главните работодавци во Струмичкиот регион ( Струмица , Василево, Босилово, Ново Село). Нивниот колективен став кон градските власти ќе има силно влијание врз тоа дали економијата во градот ќе се развива, ќе стагнира или ќе опаѓа.